ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 2187/3
Датум: 24.03.2023
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, Глава II Проектни активности, точка 8. Награди за најдобро уреден Еко-училишен двор („Службен гласник на Општина Карпош" бр.25/2022), и Решението за формирање на Комисија за избор на Награди за најдобро уреден Еко-училишен двор за 2023 година, со број.11-2187/1 од 21.03.2023 година, се објавува:

# Ј А В Е Н  О Г Л А С

1.Право за учество на јавниот оглас имаат сите општински основни училишта на територијата на Општина Карпош.

## 2. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

Уредувањето на училишен двор, дел со еколошки содржини потребно е да:
- Поттикнува креативност кај учениците, родителите и наставниците од општинските училишта;
- Овозможува зголемување на еколошката свест и грижа за животната средина;
- Користење на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и
- Поттикнува зголемување на мотивираноста за одржување и грижа на училишниот двор.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБАР ЕКО-УЧИЛИШЕН ДВОР ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Поставена урбана опрема: | 20 |
| - клупи/катче за седење | 5 |
| - канти за отпадоци | 5 |
| - канти за рециклирање | 5 |

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

| | |
|---|---|
| - опрема за спорт и рекреација | 5 |
| 2. Направи патеки | 5 |
| 3.Озеленување на дворот: | 15 |
| - садници/ дрвца | 5 |
| - цврќиња | 5 |
| - трева | 5 |
| 4.Употреба на рециклирани материјали: | 5 |
| 5.Хигиена на училишен двор | 5 |
| 6.Креативност | 50 |
| Вкупно бодови(1+2+3+4+5+6) | 100 |

**4. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Училишната апликација со изработени КОЛОР ФОТОГРАФИИ да се достават заедно со пропратно писмо во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, во **затворен плик** со назнака **„Комисија за доделување на награди за најдобар Еко-училишен двор во основните општински училишта на територија на Општина Карпош“** , Скопје

**5. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ**

Рокот за пријавување на Јавниот оглас е до 17.05.2023 година.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
***www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk***